Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

## Извадок на ден од дневни настани 16.03.2022

На 15.03.2022 во 21.25 часот на ул.„Карпошово востание" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрати и Единицата за интервентна полиција го лишиле од слобода Е.К.(37) од Скопје. Тој се барал по две централни потерници – од Казнено-поправната установа Затвор Штип за доиздржување казна затвор од 6 години и 9 месеци, а бил осуден на 10 години и 4 месеци затворска казна за сторени кривични дела по член .386, член 238 и член 236 од Кривичниот законик, како и од Основен суд Скопје 1 Скопје за истрага за сторено кривично дело по член 292 од Кривичниот законик. При преглед кај него и претрес во домот каде престојувал, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол, куршуми, повеќе таблети и други предмети за кои постои сомневање дека потекнуваат од кривични дела. Тој бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка.

На 15.03.2022 околу 17.00 часот на наплатна станица Сопот, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи при МВР и Отсекот за недозволена трговија при СВР Велес ги лишиле од слобода Ш.И.(33) од Куманово и Р.Ѓ.(37) од Свети Николе. При преглед во возилото и кај нивен личен преглед, кај Ш.И. биле пронајдени и одземени околу 35 грама хероин, додека кај Р.Ѓ. биле пронајдени и одземени над 4.500 евра, за кои постои сомневање дека потекнуваат од кривично дело. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 15.03.2022 околу 19.30 часот на автопатот А1 Гевгелија-Неготино, кај наплатна станица Демир Капија, полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Михајлово го лишиле од слобода Љ.Г.(53) од Скопје. При контрола во патничко моторно возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.Г., биле пронајдени четири лица илегални мигранти од Сирија. Љ.Г. бил предаден во Полициска станица Неготино за понатамошна постапка, а мигрантите биле сместени во приватниот центар Винојог во Гевгелија. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршиле екипи од Регионален центар за гранични работи Југ и Полициска станица Неготино. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.03.2022 во 12.00 часот во на улица „Цветан Димов" во Тетово, полициските службеници од СВР Тетово, по наредба од Основен суд Тетово, го привеле М.Ј.(28) од Тетово за издржување затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на затворската казна.

На 15.03.2022 во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го привеле Б.С.(36) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени амфетамин и една дробалка. По комплетирање на случајот против Б.С. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.03.2022 во 21.40 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода И.А.(32) од Тетово затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи поднесок по член 215 од Кривичниот законик.

На 16.03.2022 во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода С.А.(23) и П.Т.(21) од Битола затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.03.2022 во 21.00 часот во тетовско Камењане, полициски службеници од Полициското одделение Камењане ги лишиле од слобода Т.Е.(27) и Ј.З.(27), двајцата од Камењане. При преглед во возилото „дено клиф" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал Т.Е., а сопатник бил Ј.З., била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.03.2022 во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Д.К.(21) од Битола и К.А(47) од Прилеп затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.03.2022 во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.Ж.(20) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.03.2022 во 20.15 часот на граничниот премин „Деве Бачр", полициски службеници го лишиле од слобода Х.Л.(22) од Република Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа"-ната исправа. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 15.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 50 возачи, од кои 14 на територијата на Ресен, 5 на територија на Битола, 22 санкции на територијата на Прилеп, по 1 Македонски брод и Крушево и 7 санкции во Демир Хисар.

На 15.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 38 прекршоци, од кои 32 во населено место и 6 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 40 други видови на прекршоци, од кои 17 за управување возило без возачка дозвола, 5 за нерегистрирано возило, 3 за технички неисправно возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас и 11 за непропишно паркирање.

На 15.03.2022 во периодот од 09 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници на вонреден технички преглед упатиле 24 моторни возила (Охрид-04, Струга-02, Кичево-15, Дебар-03), при што кај 07 возила биле утврдени технички неисправности (Охрид-02, Струга-02, Кичево-02, Дебар-01).

На 15.03.2022 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Сарај, скопско, патничко моторно возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ш.Д.(40) од с.Сарај, удрило во малолетен пешак од с.Сарај. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 15.03.2022 во 18.15 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово-Пирок, кај с.Речица, патничко моторно возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Х.Е.(34) од с.Горно Палчиште, удрило во А.О.(69) од с.Новаце, општина Боговиње. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 15.03.2022 во периодот од 09 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници на вонреден технички преглед упатиле 24 моторни возила (Охрид-04, Струга-02, Кичево-15, Дебар-03), при што кај 07 возила биле утврдени технички неисправности (Охрид-02, Струга-02, Кичево-02, Дебар-01).

На 15.03.2022 во 22.00 часот В.П.(22) од Скопје пријавил дека околу 16.50 часот додека ги извршувал своите работни активности како касиер во маркет на подрачјето на Центар влегол маж на возраст од околу 30 години без заштитна маска да пазари и да страна на неговата колешка му било укажано да стави заштитна маска поради запазување на здравствените протоколи. Тогаш лицето станало агресивно и физички ги нападнало. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.03.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.Д.(63) од Скопје пријавил дека на трим патеката во близина на бул.„Србија" бил каснат од куче скитник.

На 15.03.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.В.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Душан Тасковиќ" бил каснат од куче скитник

На 15.03.2022 во 23.20 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода И.В.(40) од Куманово. Тој се сомнича дека истиот ден околу 22.00 часот одвел предмети пред влез на стан на ул.„11- ти Октомври" во Куманово, сопственост на А.Д.(42) од с.Слупчане, општина Липково. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против П.С.(30) од Струга и А.С.(38) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела: „измама", „злоупотреба на лични податоци" и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски системи". Првопријавениот П.С. во септември 2021 година, преку комуникација на социјалната мрежа „Фејсбук", довел во заблуда 26-годишник од Кавадарци и успеал да дојде до неговите лични податоци, кредитна картичка и трансакциска сметка. После тоа, податоците ги искористил за подигање на кредити во повеќе финансиски друштва во име на оштетениот, како и за оплаќи нарачки од различни продавници. Паричните средства и производите завршиле на адреса кај второпријавената А.С. од Скопје, сопруга на првопријавениот, кој се наоѓал на издржување затворска казна во Казнено-поправна установа Штип.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Х.Б.(23) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен кај месноста „Навис" во атарот на охридското село Велгошти, полициските службеници кај него пронашле марихуана.

На 15.03.2022 во периодот од 09.00 до 13.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена зајакнато контрола во сообраќајот. Притоа, биле констатирани 55 прекршоци, од кои 10 биле за управување возило без возачка дозвола. За сите констатирани прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 15.03.2022 во 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на подрачје на Карпош едно лице со закана со остар предмет од вработената одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.03.2022 во 04.00 часот во Полициската станица Чаир, А.Р.(20) од Скопје пријавил дека околу 02.00 часот во фитнес клуб на подрачје на Чаир тој и А.Р. биле физички нападнати со остри предмети од А.Б., Р.С. и Р.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.03.2022 околу 23.20 часот во Полициската станица Чаир, А.Е.(34) од Скопје пријавил дека околу 22.40 часот во с. Визбегово неговата керка била физички нападнатата од И.А.(53) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.03.2022 во 19.55 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека во автобус на ЈСП Скопје, кој сообраќал на релацијата населба Карпош - населба Горче Петров, на подрачје на Карпош, А.С.(18) од с.Арнакија, скопско и малолетник од с.Семенište, по претходно недозволување, го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.03.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување на деца се оддалечил нивниот штитеник Р.М.(14), кој и претходно го напуштал домот и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.03.2022 во 07.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.Б.(27) од с. Батинци пријавил дека околу 07.00 часот на автобуска постојка на подрачје на Гази Баба, по претходно недозволување околу носење на маска, бил физички нападнат од Ф.С.(58) од с.Страчини, вработен во ЈСП како контролор. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.03.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен С.Ч.(53). Според пријавеното, тој се повредил додека извршувал работни задачи во фирма во населба Автокоманда. На местото на настанот излегла екипа од СВР Скопје и известен бил трудов инспектор.

На 15.03.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Горче Петров, М.И.(46) пријавил дека неговиот брат З.И.(40) од с.Ново Село, скопско, се оддалечил од домот, а имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.03.2022 во 14.20 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, М.А.(35) од Скопје пријавила дека околу 13.10 часот во близина на основно училиште на подрачје на Шуто Оризари нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет